

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
БИЛТЕН
БРОЈ 14/26
09.09.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т

За избор на наставник во сите наставно-научни звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет – Скопје на седница бр. 276 на 30.06.2026 година, донесе одлука за објавување конкурс во дневниот весник ,,Вечер", на 03.07.2026 година, а со Одлука бр. 02-593/1 од седница бр. 277 на 04.09.2026 формира Рецензентска комисија за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација) – 1 извршител -** во состав: вонреден професор м-р Христијан Санев - претседател, доцент м-р Душица Симовска – член, и редовен професор м-р Благојче Наумоски - член.

На распишаниот конкурс за избор на **наставник во сите наставно-научно звања по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** се пријави еден кандидат **м-р Христина Зафировска**. Кандидатката, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурс, Професионална биографија, Диплома за завршено соодветно високо образование од втор циклус, Публикувани уметнички и стручни дела, Документација за извршување наставна работа, Друга документација - сертификати, Портфолио со остварувања во областа на ликовната уметност и графичкиот дизајн.

По разгледување на поднесените документи на кандидатот, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Христина Зафировска е родена на 16.08.1983 година, со адреса: Лука Геров 7 бр. 42, Скопје, по националност: Македонка.

Образование

- **2026: Магистер по Графички дизајн**, Факултет за Дизајн и мултимедија, Американски универзитет на Европа - ФОН, Скопје, тема на магистерски труд: Дизајн на книга со кратки бизарни приказни и иилустрации – „Визуелизација на надреалното", ментор: проф м-р Стефан Јакимовски.
- **2007: Дипломиран сликар со графички дизајн**, Факултет за ликовни уметности, Универзитет Св. „Кирил и Методиј" Скопје, тема на дипломски труд: „Спознавање на создавањето", ментор: проф. м-р Симон Шемов.
- **1998 - 2002:** Средно образование завршува во училиштето за применети уметности „Лазар Личеноски" во Скопје, на насока - применето сликарство, во класата на професорите Бајрам Газанфер и Ангеле Гавровски.

Компјутерски вештини

Компјутерски образована во следните програми: Microsoft Office, Adobe Illustrator, Adobe Photoshop, Adobe InDesign, Adobe Premiere, Adobe After Effects, AI и други.

- организациски и комуникациски вештини за посредување и преговарање;

- одговорна и ориентирана кон остварување на поставените цели и задачи.

Познавање на странски јазици

Англиски јазик – C1 (Advanced)

2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

2025 – ментор за реализација на серија часови, предавања и практична работа на тема „Логотип“ каде што секој од студентите создаде свој знак (сигнум) на препознавање, Академијата за ликовни уметности во Загреб, Хрватска;
2023 - експерт ментор за реализација на наставно-едукативен процес преку предавања, серија часови, и практична работа на тема „Слоган и лого дизајн“ реализирани во Општинското Основно Училиште „Киро Глигоров“ Скопје, како дел од проектот „Креативно менторство“ наменет за основни и средни училишта во Скопје, под раководство на Детскиот културен центар „КАРПОШ“ и Град Скопје;
2022 - соработка со Национална галерија на Македонија, за реализација на серија часови, предавања и практична работа на тема „Уметност со уметникот“ објект Чифте Амам;
2021 – експерт ментор за реализација на наставно-едукативен процес во кој беа вклучени предавања, серија часови, и практична работа на тема „Дизајн на пиктограм и негова употреба“ реализирани во Општинското Основно Училиште „Киро Глигоров“ Скопје, како дел од проектот „Креативно менторство“ наменет за основни и средни училишта во Скопје, под раководство на Детскиот културен центар „КАРПОШ“ и Град Скопје;
2020 – експерт ментор за реализација и креирање на краток филм преку предавања, серија часови, и практична работа на тема СТОП АНИМАЦИЈА на тема „Три работи кои ги научив денес“ како дел од проектот „Креативно менторство“ наменет за основни и средни училишта во Скопје, под раководство на Детскиот културен центар „КАРПОШ“ и Град Скопје;
2020 - експерт ментор за реализација на наставно-едукативен процес преку предавања, серија часови, и практична работа на тема „Илустрација-како метод за визуелна комуникација“ реализирани во Општинското Основно Училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ Скопје, како дел од проектот „Креативно менторство“ наменет за основни и средни училишта во Скопје, под раководство на Детскиот културен центар „КАРПОШ“ и Град Скопје;
2019 - експерт ментор за реализација на наставно-едукативен процес во кој беа вклучени предавања, серија часови, и практична работа на тема „Стоп анимација и креативни ИТ вештини“ реализирани во СУГС Гимназија „Орце Николов“ Скопје, како дел од проектот „Креативно менторство“ наменет за основни и средни училишта во Скопје, под раководство на Детскиот културен центар „КАРПОШ“ и Град Скопје;
2019-2017 ментор на часови за цртање и сликање - соработка со „Македонија-Експорт“;

Публикувани трудови и уметнички дела

„МОМИ“ група од 7 уметници
2026 -„Мајкинство“ МОМИ „Музеј Галерија кавадарци“ РСМ;
2023 - „Мајкинство“ МОМИ „Културно Информативен Центар“ (КИЦ), Скопје, РСМ;
2018 – „НЕсТ“ Отворено графичко студио при Музеј на Град Скопје, РСМ;
2015 – „Како снежна топка надолу по планината...“ Галерија ФЛУ-Скопје, РСМ;
2014 - “Resist! What?” МОМИ „Галерија Карас“ Загреб, Хрватска;

2014 – „Да се истрае во кругот“ МОМИ „Културно Информативен Центар“ (КИЦ), Скопје, РСМ;
2014 - „МАЛИ НЕШТА (со големи букви)” МОМИ „Автономен Културно Социјален Центар“ Скопје, РСМ;
2013 - „Множество, Божество, Рождество” МОМИ
„Културно-информативен центар на РСМ во Софија“ Бугарија;
- „Галерија Подрум“ Културен центар Белград, Србија;
2013 - „Полукружење“ МОМИ-Центар за култура „Григор Прличев“ Охрид, РСМ;
2013 - „МОМИ II” Дом на култура „Кочо Рацин” Галерија КО-РА Скопје, РСМ;
2013 - „ТАВОО“ МОМИ-Интернационален фестивал за современи уметности „NUS“ Сплит, Хрватска;
2012 - „Бакнеж во уста” МОМИ Дом на култура „Иван Мазов-Климе” Кавадарци, РСМ;
2012 - „Good Vibes” МОМИ Мултимедијален уметнички фестивал „БОШ“ Гевгелија, РСМ;
2012 - „МОМИ” Кинотека на Македонија-Скопје, РСМ;

Селектирани групни изложби

2026 -„Мајкинство“ МОМИ „Музеј Галерија кавадарци“ РСМ;
2026 – „Луковска Бања“ Бела Јела, Копаоник, Србија;
2026 - „Зимски Салон“ ДЛУМ, Национална галерија на Македонија – објект Мала Станица, Скопје;
2026 - „Свети Трифун“ Музеј и галерија Кавадарци;
2026 - „Мал формат“ ДЛУМ Музеј и галерија Кавадарци;
2025 - „Експериментален цртеж“ ДЛУМ, Табор, Република Чешка;
2025 - „МиниАРТура“ ДЛУМ, Културно информативен центар, Скопје, РСМ;
2025 - „Експериментален цртеж“ ДЛУМ, КИЦ Софија, Бугарија;
2025 - „Голем формат“ ДЛУМ, Музеј на Град Скопје, Скопје, РСМ;
2025 - „Експериментален цртеж“ ДЛУМ, Национална галерија на Македонија – објект Мала Станица, Скопје, РСМ;
2025 – „Луковска Бања“ изложба при галерискиот простор „Луковска Бања“ Србија;
2024 - „Мал формат“ ДЛУМ, Музеј и галерија Кавадарци, РСМ;
2024 -„Годишна изложба“ ДЛУМ, Национална галерија на Македонија, објект Мала Станица, Скопје, РСМ;
2024 - „Мал формат“ ДЛУМ, Културно информативен центар, Скопје РСМ;
2024 - “Сребреник-отворен град на уметноста 2024” Центар за култура, Сребреник БИХ;
2024 – „Mainstream“ Комшилук-фестивал на отворено, населба Железара, Скопје, РСМ;
2024 – Зимски Салон „Интимност и интерконекција“ ДЛУМ, Галерија “Безистен”-Штип,РСМ;
2024 – “Old Future” exhibition 21st Busan International Environment Art Festival (BIEAF) in Бусан, Кореа;
2024 – „Луковска Бања“ изложба при галерискиот простор „Луковска Бања“ Србија;
2024 – Зимски Салон „Интимност и интерконекција“ ДЛУМ, Национална галерија на Македонија – објект Чифте Амам, Скопје, РСМ;
2023 - „Мајкинство“ колектив МОМИ Културно информативен центар – Скопје, РСМ;
2023 - „Фемина V.S. Фемининологија – Македонски културен центар во Загреб, Хрватска;
2023 - „BIEAF“ International Environment Art Festival, Бусан-Кореа;
2023 - „Фемина V.S. Фемининологија – Национална Галерија на Македонија, објект Мала Станица, Скопје, РСМ;
2023 – „Луковска Бања“ групна изложба при ликовната колонија „Луковска Бања“ Србија;
2023 –„Денови на пролетта и деновите на екологија“ –групна изложба во Галерија „КО-РА“ Дом на градежници, Скопје, РСМ;
2023 –„Вечното танго на Астор Пјацола“ – мултимедијална групна изложба во Галерија

„КО-РА“ Дом на градежници, Скопје, РСМ;
2022 - „Мал формат“ ДЛУМ Културно Информативен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2022 – „10 години ЈАДРО- сè уште оправдано присутни“! КСП Центар -Јадро, Скопје, Р. Македонија;
2022 – „Utkano pod kozi“ Галерија „Догаџања“ Загреб, Хрватска;
2022 – „Нашата визија за Европа“ Галерија „КО-РА“ Дом на градежници;
2022 – „Existential Truths“ IAVPOA, 1st INTERNATIONAL INK BIENNALE;
2022 – „Зимски Салон“ ДЛУМ Национална Галерија на Македонија-објект Чифте Амам;
2022 - „Вечното танго на Астор Пјацола“ – мултимедијална групна изложба во Галерија „КО-РА“, Скопје, Р. Македонија;
2021 - „Мал формат“ ДЛУМ Културно Информативен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2021 - „миниАРТура“ ДЛУМ Културно Информативен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2021 - Јубилејната изложба „75 години ДЛУМ“ Национална Галерија на Македонија-објект Мала станица, Скопје, Р. Македонија;
2021 – „Nirantar” Nirantar art group, 4 интернационална онлајн изложба, Индија;
2021 – Ликовна колонија „Галичник“ Национална Галерија-објект Мала станица, Скопје, Р. Македонија;
2021 – “CreArt” изложба, Gallery “Ars et mundus” Каунас, Литванија;
2021 – „World peace” интернационална онлајн изложба, Непал;
2021 – „Woman about woman” Национална галерија - објект Мала станица, Скопје, Р. Македонија;
2021 – „Chitrankan 3” Bindaas Art, интернационална онлајн изложба, Индија;
2021 – „Woman about woman” Локарјева галерија, Ајдовшчина, Словенија;
2021 - „Уметничка Колонија“ 2021, Уметничката Галерија Тетово, Р. Македонија;
2021 – „World heritage day” интернационална онлајн изложба, Индија;
2021 – „Woman about woman” галерија „Прича“ Самобор, Хрватска;
2021 – „Заедно за нашата планета земја“ Дом на култура Кочо Рацин, Скопје;
2021 – „Woman about woman” Модерна галерија, Подгорица, Црна Гора;
2021 – „IWAG” ден на жената, интернационална онлајн изложба, Индија;
2021 - „Осврти -рефлексии,илуминации, реминисценции“ изложба по повод промоција на публикација на истоимената книга на историчарката на уметност, Виолета Калиќ;
2021 – „Woman about woman” НГВУ галерија, Белград, Србија;
2020 – “WE ART” 3та интернационална онлајн изложба, Москва Русија;
2020 – „KFOAS” интернационална онлајн изложба, Индија;
2020 – “Peace and unity thru Art” интернационална онлајн изложба, Манила Филипини;
2020 - 2nd International Online Art Exhibition - “Nirantar 2020” Индија;
2020 – „Уметнички дневници“ Национална галерија на Македонија;
2020 - „Ги сакам дрвјата -ги сакам шумите ја сакам нашата планета земја!“ Галерија „КО-РА, Скопје, Р. Македонија;
2020 – “NIRANTAR 2020“ International Online Art Exhibition, Индија;
2020 - „Вечното танго“ Дом на култура „Кочо Рацин” Галерија КО-РА Скопје, Р. Македонија;
2020 - “Světový den umění“ World Art Day онлајн изложба;
2020 - “Behind the Glass“ Artificial wing-онлајн изложба на белгиски куратор Јонас Вандекисте, Белгија;
2019 – „миниАРТура“ДЛУМ галерија при НЛБ Тутунска банка, Скопје, Р. Македонија;
2019 - „Фемиграции“ НУ Завод и Музеј-Битола, Р. Македонија;
2019 - „Woman painters meeting”, “Art Rooms at the house gallery”, Гирне, Северен Кипар;
2019 - „Мал формат“ ДЛУМ Културно Информативен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2019 - „Фемиграции“ Галерија „Безистен” Штип, Р. Македонија;
2019 - „Fem Art”, Cristal Rock gallery, Фамагуста, Северен Кипар;
2019 - „CHANGING REFLECTIONS“ Вечери на женски права, МКЦ Галерија, Скопје, Р. Македонија;

2019 - „Фемиграции“ НУ Центар за култура „Трајко Прокопиев“-Куманово, Р. Македонија;
2018 - „Gumusler monastery exhibition&festival“ Кападокија, Турција;
2018 - „Фемиграции“ Национална Установа Уметничка Галерија Тетово, Р. Македонија;
2018 - „NIGBOR Art“ Nigde Museum, Нигде, Централна Турција;
2018 - „In Situ Art Fair“ Саем на уметност, Младински Културен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2018 - „Уметност за правата на бегалците“ Ликовен Салон-Велес, Р. Македонија;
2018 - „International Art Days“ O.H. D. university culture center, Бор, Централна Турција;
2018 - „Светски ден на бегалците“ Школка-градски парк Скопје, Р. Македонија;
2018 - „Осмо меѓународно биенале на мала графика“ НУ Центар за култура „Иљо Антески-СМОК“ Тетово, Р. Македонија;
2018 - „Монолози 3“ Италиенск Палатсет-Вахјо, Шведска;
2018 - „Фемиграции“ Галерија Акантус, Скопје, Р. Македонија;
2017 - „РИБОРН“ фестивал „Каса бурбон“ Скопје, Р. Македонија;
2017 - „Монолози“ Галерија „ЗАДРОС +“, Копенхаген, Данска;
2017 - „Експериментален цртеж“ ДЛУМ Центар за култура „Марко Цепенков” Прилеп, Р. Македонија;
2017 - „Уметниците за Шиндре“ хуманитарна изложба „Нано бар“, Р. Македонија;
2017 - „Скопје 2017“ меѓународна ликовна колонија, Музеј на град Скопје, Р. Македонија;
2017 - „Експериментален цртеж“ ДЛУМ нова изложбена галерија при Дом на култура „Кочо Рацин“, Скопје, Р. Македонија;
2017 – „Лице во лице“ современ уметнички проект “Имаго Мунди” - колекција Лучијано Бенетон, куратор - Ана Франговска, „Босански културен центар“ Сараево, Босна и Херцеговина;
2017 – „Паратисима“ саем за уметност, „МКЦ“Скопје, Р. Македонија;
2017 - „Во хармонија со природата“ галерија „КО-РА“ Скопје, Р. Македонија;
2017 - „Tirana Loves“ галерија„ Дестил“, Тирана, Албанија;
2017 - „Брешка“ галерија „Кристиан Крековиќ“, Тузла, Босна и Херцеговина;
2017 - „Мал формат“ ДЛУМ Музејска куќа „Робевци” Охрид, Р. Македонија;
2017 - „Корени,порти,портали,патишта и патокази“галерија „ Матачиќ“ Риека, Хрватска;
2017 - „Нашата Фукушима“ Gogyoshi Art Project International, Кавадарци, Р. Македонија;
2016 - „Мал формат“ ДЛУМ Културно Информативен Центар, Скопје, Р. Македонија;
2016 - „миниАРТура“ ДЛУМ галерија при НЛБ Тутунска банка, Скопје, Р. Македонија;
2016 – „Корени, порти, портали, патишта и патокази“ Дворец Тракошчан, Хрватска;
2016 – „Нашата Фукушима“ Gogyoshi Art Project International
- Галерија „FLUX“ Скопје, Р. Македонија;
- НУ Музеј Куманово, Р. Македонија;
2016 – „Патувања“ Национална галерија на Македонија-објект Мала Станица, Скопје, Р. Македонија;
2016 – „Монолози“ галерија „Мункен“ Локен, Данска;
2016 – „Групна изложба“ фестивал ДРИМОН, НУ „Браќа Миладиновци“ Струга, Р. Македонија;
2016 – „Корени, порти, портали, патишта и патокази“
Дом на култура „Кочо Рацин” Галерија КО-РА Скопје, Р. Македонија;
2016 – „Нераскажаните приказни на суперхероините 3“ Културно информативен центар (КИЦ) Скопје, Р. Македонија;
2016 – „ЗИМСКИ САЛОН“ ДЛУМ, Национална галерија на Македонија-Објект Чифте Амам, Скопје, Р. Македонија;
2015 – „Imago mundi“ дел од колекцијата, интернационална патувачка изложба;
2015 - „Четири исти спротивности“ Плзењ, Република Чешка;
2015 - „Нераскажаните приказни на суперхероините 2“ Културно информативен центар (КИЦ) Скопје, Р. Македонија;

2014 – „Експериментален цртеж“ Прага, Република Чешка;
2013 – „Diversity as a Driver of Cultural Industries Capacity Building“ Љубљански Град, Љубљана, Словенија;
2013 - „Нека биде уметност” Уметнички павиљон, Подгорица, Црна Гора;
2013 - „Бели Мугри”, Градска библиотека „Марко Марулиќ“ Сплит, Хрватска;
2012 - „6x6x2012”, Rochester Contemporary Art Centre, Рочестер, САД;
2011 - „Trans - Siberian Arts Centre”, интернационална патувачка изложба, Русија, Монголија, Кина;
2011 - „Без граници”, Бугарски културен дом Haus Wittgenstein, Виена, Австрија;
2010 - “Fokus”интернационален натпревар за уметничка фотографија, Фиер, Албанија;
2010 - „Loading”, Културен центар Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т., Скопје, Македонија;
2010 - “Inter-Art“, интерконтинентално биенале на мала графика, Културен Центар Ауид, Аиуд, Романија;
2010 - “ORA exhibition”, “Sala Colonna” of Palazzo D’Avalos Museum, Васто, Италија;
2009 - ”LEAR”, тринаесетто издание, галерија “Edward Lear”, Берат, Албанија;
2009 - „Обид 0”, Културен центар Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т., Скопје, Македонија;
2009 - “Buy nothing day”, Културен центар „Точка” Скопје, Македонија;
2009 - “nama.TRE.ba - II”, Galerija Akademije Likovnih Umjetnosti, Требиње, БИХ;
2008 - “Tolerance” (a global challenge), интернационален изложба на постер, Музеј на Град Скопје, Македонија;
2008 - “The one minutes” ,Today Art Museum Beijing, Пекинг, Кина;
2007 - „Музеј на прекинати врски”, Македонска пошта Скопје 1, Скопје, Р. Македонија;
2007 - “Balkan perception for European identity”, интернационален натпревар за графичко решение на постер, Прага, Р. Чешка;
2007 - “nama.TRE.ba”, Галерија при академијата за ликовни уметности, Требиње, БИХ;
2007 - „Уметнички дијалози”, Младински културен центар МКЦ, Скопје, Р. Македонија;
2006 - “Real Presence”, Музеј на град Белград, Белград, Србија;
2006 - „Летна изложба”, Чифте амам, Национална галерија на Македонија, Скопје, Р. Македонија;
2006 - “Art &Food” Мармара Универзитет (IV инернационално студентско триенале), Истанбул,Турција;
2005 - „Бела ноќ”, Културно информативен центар КИЦ, Скопје, Р. Македонија;
2005 - “Real Presence” Музеј на применети уметности, Белград, Србија;
2005 - „SIAB” (VIth Студентско интернационално уметничко биенале) Музеј на град Скопје, Р. Македонија.

Стипендии за уметнички престој

2025 – стипендија за престој во Авеиро, Португалија поддржана од CreArt европската мрежа на градови за уметничко творештво, кое резултираше со промоција на проектот како дел од фестивалот Dos Canais;
2021 – стипендија за едномесечен престој во Каунас, Литванија поддржана од CreArt европската мрежа на градови за уметничко творештво, кое резултираше со промотивна изложба на крајот од престојот во галеријата “Ars et mundus”;
2018 - двомесечен престој во “Cite Internationale des Arts”- македонското ателје во Париз, Франција, доделена од страна на Министерство за култура на РСМ. Престојот резултираше со презентација на дела на денот на отворени ателјеа (open studio).

3. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Проекти, фестивали, работилници, награди

Регионални проекти

2014 - „Living history, Living nature“ пограничнa соработка помеѓу општина Новаци, РСМ и општина Алмопиа, Грција. Дел од ИПА програма, од која еден дел беше насочен кон визуелните уметности и соработка на ликовните уметници од двете земји;
2013 - „Различноста, како начин на градење капацитети во културните индустрии“ Подгорица, Црна Гора. Проект кој резултираше со потпишување на меморандум за соработка помеѓу Друштвата на ликовни уметници од земјите на бивша Југославија (Црна Гора, Македонија, Босна и Херцеговина, Србија, Хрватска и Словенија).

Кураторски проект

2013 – „Скопски Урбани Приказни“ на тема „Будење на солидарноста“ куратор и координатор на темата и учесниците на проектот кој се оддржа во централното градско јадро, во соработка на ДЛУМ и Скопско Лето, Скопје, Р. Македонија.

Фестивали

2010 - “CopyBrains” - BIT FEST “Битола отворен град 2010”, интернационален уметнички фестивал Битола, Р.Македонија.

Награди

2021 - ДЛУМ миниАРТура „Златна четка“ награда за минијатура;
2016 – ДЛУМ „Мал формат“ награда за сликарство.

Работно искуство

2021/2020/2019 - дел од креативниот тим на продуцентската куќа „ОХО“ Скопје, РСМ; визуелни решенија за мобилни апликации, storyboards, сликовници за деца и креативни игри;
2018-2017 - дел од креаивниот тим на „Бригада“ дизајн, Скопје, РСМ;
2016-самостоен уметник, статус од Министерство за Култура на РСМ;
2015-сопственик на компанијата ТП „Старт Арт“-уметнички занаети, Скопје, РСМ;
2016/2015/2014/2013 - односи со јавноста, организатор и координатор на уметничките настани на Друштво на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ);
2012 - дел од тимот на дизајн фирма и печатница Фајн Арт;
2011-2010 - маркетинг сектор на ПроКредит Банка;
(одговорна за изработка на промотивни и рекламни материјали наменети за банката);
2009-2010 – дел од дизајн тимот на Про Дизајн;
2009 дел од креативниот тим на маркетинг агенцијата „Балкан Дело“.

-ГРАФИЧКИ ДИЗАЈНЕР | САМОВРАБОТЕН
Од март 2014 година, па сè досега работи како фриленс дизајнер, со локални и надворешни клиенти, како и преку онлајн платформи кои овозможуваат фриленс работа низ целиот свет.

4. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Самостојни проекти

Реализирани повеќе независни проекти, во кои се обработуваат теми како што се: почетокот на создавањето, меѓучовечките односи, подобрување на правата и третманот на жените во општеството и принудната изолација. Проектите се презентирани во Германија, Франција, Португалија, Турција, Србија, Албанија, Бугарија, Њујорк и во повеќето градови во Република Македонија.

2025- „Kiss the water“ реализација на проект на отворено, како дел од фестивалот Dos Canais, Авеиро, Португалија;
2025/2023- „Регенерација“
- Културно информативен центар на РСМ во Белград, Србија;
- Културно информативен центар на РСМ во Тирана, Албанија;
- КЦ Магаза, НУ Завод за заштита на споменици и музеј Битола;
- галерија МКЦ (Младински културен центар), Скопје РСМ;
2024/2023- Циклус „19 II“
- Културно информативен центар на РСМ во Софија, Бугарија;
- НУЦК „Кочо Рацин“ Кичево, РСМ;
- „MC Gallery“ во Њујорк;
2022/2021 - Циклус „19“ Културно информативен центар РСМ во Истанбул, Турција;
- Центар за култура „Марко Цепенков“ Прилеп, Р. Македонија;
- Дом на култура „Македонски Брод“, Македонски Брод, Р. Македонија;
2020 - „Scary night via-starry night“ Култура во време на корона вирус, МКЦ, Град Скопје;
2018-„SPROUT II“ Отворено Студио, Интернационален град на уметности, Париз, Франција;
2017- „Никулец“ Музејска куќа „Робевци” Охрид РСМ;
2016–“NEW URBAN MAN” НУЦК „Марко Цепенков” Прилеп, РСМ;
2015–“NEW URBAN MAN-WOMAN” НУЦК „Кочо Рацин“ Кичево, РСМ;
2014 –“WO-MAN” - Културно информативен центар (КИЦ) Скопје, РСМ;
- Центар за култура „Марко Цепенков” Прилеп, РСМ;
2012 – „Трка на суети” Прима Центар Берлин, Германија;
2012/2011 - “Mainstream”
- Национална галерија на Македонија-Објект Чифте Амам, Скопје, РСМ;
- Центар за култура „Трајко Прокопиев” Куманово, РСМ;
- Центар за култура „Марко Цепенков” Прилеп, РСМ;
- Центар за култура „Антон Панов” Струмица, РСМ;
2010 - „Визуализација на моментот”
- „Отворено графичко студио“ Музеј на град Скопје, РСМ;
- Дом на култура „Иван Мазов Климе” Кавадарци, РСМ;
- Галерија „Безистен” Штип, РСМ;
- Музејска куќа „Робевци” Охрид, РСМ;
2010 - „Три исти спротивности” Галерија „Владимир Димитров-Мајстора” Ќустендил, Бугарија;
2009 –„Creation II”
- „Хотел Аполониа“ Гевгелија, РСМ;
- Центар за култура „Марко Цепенков” Прилеп, РСМ;
2007 – „Creation” Младински културен центар (МКЦ) Скопје, РСМ;

Симпозиуми и колонии

2026/2025/2024/2023 – „Луковска Бања“ Копаоник, Србија;
2024 – „Сребреник, отворен град на уметност 2024“ Сребреник, БИХ;
2021 – „Уметничка Колонија“ 2021 Попова Шапка, Тетово, Р. Македонија;
2021 – „Галичник“ ликовна колонија, Галичник, Р. Македонија;
2019 - „Fem Art” Интернационален симпозиум за жени уметници, Фамагуста, Северен Кипар;
2018 - „International NIGBOR Art Days”, Невшехир-Кападокија, централна Турција;
2018 - „SEE Refugee “Woman-A Refuges/e”, Дојран, Р. Македонија;
2017 - „Интернационален симпозиум за уметници“ Истанбул, Турција;
2014 – “LhiLna” интернационален сумпозиум за креативност, Аридеа, Грција;
2010 - „Fshtari“ интернационален сумпозиум, Сува Река, Косово;
2010 - „Горанска ликовна колонија“ Жагубица, Србија;
2010 - „Бунарић“ уметничка колонија Суботица, Србија;
2010 - „Подградец“ ликовна колонија, Подградец, Албанија;
2009 - „ДРЕН“ интернационална колонија, Прилеп, Р. Македонија;
2007 - „Happy Week 4” интернационален сумпозиум за креативност, Вараждин, Хрватска;
2007 - „Алтер Град” интернационален сумпозиум за креативност, Нови Сад, Србија;
2006/2005 – „Real Presence“ интернационален симпозиум на млади уметници и студенти, Белград, Србија;
2003 - „МОМИР“ ликовна колонија Охрид, Р. Македонија;
2001, 2000 - „Лазар Софијанов“ ликовна колонија Кратово, Р. Македонија.

- Таа е една од основачите на уметничката група и уметничкиот простор „Арт И.Н.С.Т.И.Т.У.Т.“ во Скопје, основано 2009 година; исто така е една од основачите и член на уметничката група „МОМИ“ која почнува од 2012 година со активна реализација на проекти низ земјава и Балканот;
- Христина Зафировска работи во полето на сликарството, графичкиот дизајн, мозаикот, sидното сликарство, инсталацијата, сценографијата, цртежот, фотографијата и видеото; Активно учествува на локални и регионални проекти, погранични соработки од областа на културата.
- Дел е, на повеќе од 200 јавни презентации и изложби, соработки од областа на ликовната уметност, и уметнички саеми, повеќе од 30 уметнички собири и симпозиуми во Македонија и во странство како: Црна Гора, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Косово, Албанија, Бугарија, Грција, Италија, Австрија, Франција, Португалија, Белгија, Германија, Данска, Шведска, Русија, Романија, Чешка, Литванија, Турција, Кипар, Кина, Индија, Непал, Кореа, Филипини и Њујорк.

Остварувања во областа на графичкиот дизајн и мултимедија

- Изработка на визуелни идентитети и брендинг решенија за деловни ентитети;
- Дизајн на логоа и корпоративни материјали за македонски пазар пример: МАРнет-македонска академска истражувачка мрежа, АБИТ-академија за банкарство и информатичка технологија;

- Дизајн на логоа и корпоративни материјали за клиенти надвор од земјава;
- Креирање на дигитални маркетинг кампањи;
- Изработка на креативи на социјални медиуми и рекламни материјали;
- Изработка на постери, банери, флаери и промотивни материјали;
- Визуелно уредување на веб страници;
- Видео монтажа и мултимедијална продукција;
- Организација и визуелна поддршка на јавни и корпоративни настани;
- Изработка на портфолио проекти од областа на графичкиот дизајн и мултимедија.

5. ОПШТЕСТВЕНА АНГАЖИРАНОСТ

Професионални искуства и соработки

2026-изработка на илустрации и графичко обликување на книгата со кратки раскази насловена „Ordinary and Unordinary stories“ на писателот Ѓорѓи Крстевски;
2024-соработка со (НКЦ) Националниот конзерваторски центар за археолошкиот проект „Градиште“ коридор 8 (Гостивар-Букојчани), во Гостивар, РСМ во улога на визуелен документатор на археолошките пронајдоци и артефакти;
2024-соработка со „Алфа ТВ“ за снимање на серијалот „Утре наутро“, во улога на сценограф и сет декоратер;
2023-соработка со (НКЦ) Националниот конзерваторски центар за проектот „Меѓу Друмје“ Ранковце, архолошки локалитет во близина на Куманово, РСМ во улога на визуелен документатор на археолошките пронајдоци и артефакти;
2022-соработка со продукцискатa куќа „Контраст филм“ за снимање на краткометражниот филм „Кутии“, во улога на сценограф и сет декоратер;
2022-соработка со продукцискатa куќа „Мелем продукција“ за снимање на телевизиски музички спот „Junior Eurovision contest 2022“, во улога на сценограф и сет декоратер;
2022-соработка со „Алфа ТВ“ за снимање на серијалот „Бистра Вода“, во улога на сценограф и сет декоратер;
2022/2021–соработка со Српскиот културно информативен центар во Македонија, за ликовно обликување на месечно издание на списанието „Спона“;
2021 – објава во книгата со наслов „Осврти-рефлексии, илуминации, реминисценции“ од Виолета Калиќ;
2021–изработка на илустрации и графичко обликување на детското издание на книгата насловена „Насмевката на Дани“ по базична идеја на Зорица Зафировска;
2020–објава на дело во годишниот фанзин „Кој работи тој и греши“;
2020-соработка со (НКЦ) Националниот конзерваторски центар за проектот „Градиште“ с. Чичево, архолошки локалитет во близина на Кавадарци, РСМ во улога на визуелен документатор на археолошките пронајдоци и артефакти;
2020-соработка со (НКЦ) Националниот конзерваторски центар за проектот „Пржалка“ с. Сирково, архолошки локалитет во близина на Кавадарци, РСМ во улога на визуелен документатор на археолошките пронајдоци и артефакти;
2019-дел од комисијата за избор на најдобро изработена амбалажа за пакување, како дел од настанот „ЕКО-ПАКЕТ 2019“ на тема „Електрични апарати во домаќинство“ Учеството вклучува средни училишта од РСМ;

2019-ментор на креативната работилница „Trash Fashion 2019“ за изработка на модни решенија и украсен накит од отпадни материјали; Учеството вклучува средни училишта од РСМ;
2018-дел од тимот за сценографија за снимањето на краткометражниот филм „Шеќерни луѓе“ во улога на сет декоратер;
2018-соработка со „Вертиго“ за снимање на новогодишна реклама за „Телеком“, во улога на сет декоратер;

2018-соработка со (НКЦ) Националниот конзерваторски центар за проектот „Гробишта“ архолошки локалитет во близина на Кавадарци, РСМ во улога на визуелен документатор на археолошките пронајдоци и артефакти;
2018-дел од тимот за сценографија за снимањето на краткометражниот филм „Карам Кома“ во улога на сет декоратер;
2018/2017-дел од организацискиот тим на уметничкиот настан „International NIGBOR Art Days” под капата на Халибас Арт, кој беше реализиран во Април 2018, во Бор и Нигде, централна Турција;
2016/2015- дел од стручниот тим за реставрација и конзервација на фрескоживописот на црквата „Св.„Богородица Перивлепта“ Охрид, Р. Македонија;
2007-во соработка со (МОБ) Македонска опера и балет, изработка на платна за сценографија на балетската претстава „Рајмонда“;
2008/2007- соработка со Британскиот Конзулат од Скопје, изработка на сценографија за краткометражен филм;
2003-државен проект „Пелинце“ дел од тимот за изработка на фасадниот мозаик за меморијалниот споменик Пелинце, Куманово.

6. РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатот, Рецензионата комисија заклучува дека:

Врз основа на приложената биографија од страна на кандидатката, се забележува дека Христина Зафировска има повеќегодишно образование од областа на графичкиот дизајн, каде на вториот циклус остварила успех со просечна оценка 8.67, 60 ЕКТС има искуство во наставно-образовната дејност на високото образование како експерт ментор по графички дизајн и во рамки на неформалното образование, конзервација и реставрација на фрескоживописи, визулен документатот на археолошки пронајдоци и артефакти, изработка на сценографии како сет декоратер и дела од областа на ликовната уметност, дизајнот, стручно-апликативни активности од областа графички дизајн, стручно-уметнички активности со учества на уметнички изложби, ликовни колонии и проекти, како и соодветно работно искуство.

Од нејзиното стручно-уметничко творештво претставено во портфолиото се забележува одлично владеење на визуелниот јазик и стручна компетенција во креирањето на современи графички решенија за печатени медиуми, дизајн на лого, визуелни и корпоративни идентитети и други дигитални решенија, а исто така се истакнуваат креативноста, одличните цртачки и сликарски вештини, работата со различни видови на материјали и техники, како во областа на ликовната уметност, така и во областа на графичкиот и визуелниот дизајн. Комисијата смета дека кандидатката е способна успешно да ги пренесе своите вештини и знаења во изведувањето и спроведувањето на наставната дејност.

Христина Зафировска учествувала на повеќе изложби каде ги презентирала своите достигнувања во креативните области на визуелната уметност и графичкиот дизајн. Има одлични познавања на софтверските програми потребни за работа во областа на графичкиот дизајн.

Рецензентската комисија посебно ја истакнува меѓународната димензија на уметничката дејност на кандидатката, реализирана преку учество на бројни меѓународни изложби, симпозиуми и резиденцијални престои и стипендии за престој како стипендијата за престој во Авеиро, Португалија поддржана од CreArt европската мрежа на градови за уметничко творештво, кое резултираше со промоција на проектот како дел од фестивалот Dos Canais, стипендијата за едномесечен престој во Каунас, Литванија поддржана од CreArt европската мрежа на градови за уметничко творештво и промотивна изложба на крајот од престојот во галеријата “Ars et mundus, како и двомесечениот престој во “Cite Internationale des Arts”-

македонското ателје во Париз, Франција, доделена од страна на Министерство за култура на РСМ.

Покрај тоа, учеството на меѓународни уметнички симпозиуми во „Луковска Бања“ Копаоник, Србија, „Сребреник, отворен град на уметност 2024“ Сребреник, БИХ, „Fem Art”, Интернационален симпозиум за жени уметници, Фамагуста, Северен Кипар, „International NIGBOR Art Days”, Невшехир-Кападокија, централна Турција, Интернационален симпозиум за уметници“ Истанбул, Турција, “LhiLna” интернационален сумпозиум за креативност, Аридеа, Грција, „Fshtari“ интернационален сумпозиум, Сува Река, Косово, „Горанска ликовна колонија“ Жагубица, Србија, укажуваат на активна вклученост во меѓународниот уметнички дискурс и изграден профил на современа визуелна уметница со широко регионално и европско присуство.

Во доменот на наградите и признанијата, Рецензентската комисија со особено внимание ја забележува наградата за минијатура од ДЛУМ миниАРТура „Златна четка“ во 2021 година, како и наградата заа сикарство ДЛУМ „Мал формат“ во 2016 година, дополнително ја потврдуваат квалитетот и континуитетот на нејзиното уметничко творештво.

Сето ова претставува солидна основа и дополнителна врендост во реализирање на квалитетна настава по стручно-уметничките предмети предвидени во студиските програми на Факултетот за арт и дизајн.

7. КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирала кандидатка со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатката дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје и се стекнала со назив Дипломиран сликар со графички дизајн;
- кандидатката магистрирала на Факултетот за Дизајн и мултимедија, Американски универзитет на Европа - ФОН, Скопје и се стекнала со назив Магистер по графички дизајн.
- кандидатката остварила просечен успех од 9,42 на првиот, и 8,67 на вториот циклус студии;
- кандидатката реализирала повеќе самостојни изложби и била дел од повеќе групни изложби во нашата земја и надвор од неа;
- кандидатката има професионално искуство од областа на визуелната уметност, со активности во земјата и странство;
- кандидатката има признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа.
- кандидатката има искуство од проектниот менаџмент;
- кандидатката доставила доказ за понавање на англиски јазик;
- Кандидатката има познавање на компјутерски вештини потребни за областа на графичкиот дизајн;

- кандидатката м-р Христина Зафировска ги исполнува условите за избор во **наставно-научно звање доцент по група стручно – уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

8. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научно звања по група стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет,

Скопје, **извршител,** објавен на 03.07.2026 во весникот „Вечер“, се пријави еден кандидат **м-р Христина Зафировска.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатот, согледувајќи го неговото соодветно стекнато високо образование, наставно-образовната, научно-истражувачката, стручно-уметничка и стручно-апликативна дејност, кандидатката **м-р Христина Зафировска** ги исполнува критериумите за избор во наставно-научно звање Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа **Друго - Графички дизајн**, согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ" бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025).

Врз основа на сите изнесени факти и аргументи, Рецензентската комисија се согласува дека изборот на **м-р Христина Зафировска** во наставно-научно звање доцент по група стручно-уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн би претставувал значаен придонес кон наставниот кадар на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет.

Согласно на горенаведеното, Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот универзитет, Скопје да ја избере кандидатката **м-р Христина Зафировска** во наставно-научно звање **Доцент по група стручно–уметнички предмети од областа Друго - Графички дизајн (6.04.00.08 - Фраскатиева класификација)**, на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет Скопје согласно член 114 став 4 точка 7, член 167, член 172 од Закон за ВИСОКОТО образование (Службен весник на РСМ); бр.82/2018; 1542019; 76/2020; 178/2021; 58/2024; 124/2025.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Вонреден професор м-р Христијан Санев, претседател

Доцент м-р Душица Симовска, член

Редовен професор м-р Благојче Наумоски, член